До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 09-12-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4475 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен, по службена должност на Агенцијата

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница

3. **Датум на извршување на надзорот:** 09.12.2020 година

4. **Предмет на надзорот:**

- Член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Член 82 став 1 алинеа 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница не го усогласило своето работење со член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, односно дека наведениот радиодифузер кој врши дејност на локално ниво не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

7. **Образложение:**

На 17.11.2020 година, Секторот за информатичка подршка и општи работи изврши вонреден, по службена должност на Агенцијата административен надзор над работењето на Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, за што беше подготвен Писмен извештај за извршен административен надзор наш арх.бр.03-4260/1 од 19.11.2020 година.

Со надзорот беше констатирано дека наведениот радиодифузер во периодот од 15.10.2020 година заклучно со 17.11.2020 година, не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Советот на Агенцијата на 42-та седница одржана на 01.12.2020 година донесе Заклучок наш.арх. број 02-4349/2 од 01.12.2020 година за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, врз основа на Предлогот на Директорот на Агенцијата Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-392 од 01.12.2020 година, во кое му беше укажано дека доколку веднаш не го усогласи работењето и отпочне со емитување телевизиска програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Со цел да се утврди дали радиодифузерот го усогласил своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и отпочнал со емитување телевизиска програма, Секторот за информатичка подршка и општи работи на 09.12.2020 година изврши контролен, по службена должност на Агенцијата административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, при што констатираше дека и покрај дадениот рок за усогласување на работењето, наведениот радиодифузер не отпочнал со емитување на телевизиска програма односно не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, со што исполнети се законските услови, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница.

## 8. Предлог мерка:

Имајќи ја предвид констатацијата дека Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, не го усогласило своето работење со член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, односно дека наведениот радиодифузер кој врши дејност на локално ниво не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот на Агенцијата да се донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година.

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***